# ИЗЈАВА

## ЗА СОГЛАСНОСТ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Јас ______________________________ со слободно дадена, конкретна и недвосмислена вољa, како подносител за членство во Здружението Македонска Асоцијација на Корпоративни Правници Скопје

ИЗЈАВУВАМ дека се согласувам моите лични податоци (име, презиме, работно место, назив на трговското друштво - работодавец, електронска адреса и телефон за контакт) да се обработуваат за целите на мојата регистрација и членство во Здружението, во согласност со законските одредби за заштита на личните податоци и сум запознаен со моите права уредени во Политиката за приватност на Здружението и Известувањето за приватност на членовите, дадена во прилог на оваа Изјава. При тоа, во целост сум запознаен(а) со моите права што ми следуваат како субјект на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци на Р.С.Македонија.

Датум: ________________

Подносител: ____________________

# И З В Е С Т У В А Њ Е

## ЗА ПРИВАТНОСТ НА ЧЛЕНОВИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ

### Законски основ за обработка

Со доставување на Вашата пристапница за членство, Здружението ќе има право да ги обработува личните податоци, за да ги исполни своите законски и договорни обврски или да преземе дејствија на Ваше барање како субјектите на лични податоци.

Личните податоци ќе се користат врз основа на Изјавата за согласност за обработка и во ограничени случаеви, а кога е тоа соодветно и за остварување на легитимниот интерес што го има Здружението, освен во случај кога таквите интереси не ги надминуваат интересите или основните права и слободи на субјектот на личните податоците за кои е потребна заштита на личните податоци.

### Цели на обработка

Целите за кои се обработуваат личните податоци вклучуваат:

**Извршување на работни процеси и внатрешно управување.** Оваа цел се однесува на активности како што се: испитување на исполнетост на условите за членство, известување за активностите и комуникација при остварувањето на основните Цели на Здружението, остварување на патувања и трошоци, плаќања од/кон членовите, управување со имотот на Здружението, ИТ услуги, безбедноста на информациите, спроведување на внатрешни ревизии и истраги.

**Усогласување со домашното законодавство.** Оваа цел се однесува на обработка на лични податоци за исполнување на законските обврски на кои подлежи Здружението. Неговата цел е да обезбеди усогласеност со законот од страна на Здружението, вклучувајќи но не ограничувајќи се на, спречување на кривични дела и откривање на лични податоци на владините институции и надзорни органи, вклучително и даночните надлежни тела.

### Лични податоци кои може да ги собираме

За членовите на друштвото, собираме основни информации за идентификација, како што се име, презиме, позиција, компанија во која се вработени и дејност, e-mail адреса и телефон. За сметководствени цели може да ги собираме и податоците за банкарската сметка од уплатите кон Здружението.

### Технички и организациски мерки

Сите членови кои пристапуваат до личните податоци мора да работат во согласностсо внатрешните политики и процеси во врска со обработката на личните податоци за да ги заштитат и да ја обезбедат нивната доверливост. Од нив, исто така, се бара да ги следат и применуваат сите воведени технички и организациски безбедносни мерки за заштита на личните податоци кои ќе ги применува Здружението.

### Трансфер на трети страни

За обработка на личните податоци на членовите за целите наведени погоре, Здружението нема да ги пренесува на трети страни.

### Рок на чување

Личните податоци на членот ќе се чуваат не подолго од потребното земајќи ги предвид целите на активностите на обработка.

### Права на членовите

Членот има право да добива информации од Здружението во врска со постапувањето на Здружението со личните информации на членот.

Членот има право да побара исправка и/или бришење на личните податоци, како и право на ограничување на обработката во врска со субјектот на податоците.

За да ги оствари своите права, членот може да го контактира Здружението на e-mail: Info@macl.mk

Членот има право да поднесе барање до Агенцијата за заштита на личните податоци [https://www.dzlp.mk/mk/vasite_prava].

Дополнителни одредби кои се однесуваат на обработка на личните податоци се уредени со Политиката на Приватност на веб страната на Здружението.